РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1292/6
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-мата седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1292/1 од 02.04.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1292/1 од 02.04.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 02.04.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, при што оформен е предмет број 12-1292/1 од 02.04.2024 година.

Во пријавата се наведува дека на ден 12.03.2024 година, после распишување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот за Претседател на Република Северна Македонија, Министерот за --------- постапил спротивно на законските одредби од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик, со тоа што има издадено согласности за вработување лица во јавните ---------- --------- во Република Северна Македонија по основ на договори на дело кои не претставуваат итни и неодложни работи.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за -------- со кое беше побарано да биде доставена информација во однос на наводите од пријавата со прилог документација. Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации со прилог документација.

Од доставениот одговор и документација се констатира дека Министерството за ------- го известил Фондот за --------- -------- на РСМ дека се обезбедени финансиски средства согласно доставени изјави за обезбедени финансиски средства и табеларни прегледи од страна на Фондот за ангажирање на лица со договор на дело во повеќе јавни ------- --------- во РСМ. Во известувањето Министерот за --------- се повикува на член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос и член 51 од Законот за буџетите. Ова известување е доставено во врска со допис од страна на Фондот за --------- ------------ на РСМ – „проследување документи во врска со барањето согласност за ангажирање на договор на дело за итни и неодложни работи, согласно член 8-а од Изборниот законик“, со кој се проследува документација од Министерството за ------------- кое согласно наведеното во дописот има дадено согласност за ангажирање на лицата побарани од јавните здравствени установи.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија констатира дека со преземените дејствија, односно со известувањето за обезбедени финансиски средства, не е постапено спротивно на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик согласно кои: „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“. Имајќи предвид дека во конкретниот случај станува збор за известување за финансиски средства дадено во врска со ангажирање на лица со договори за дело согласно член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос, ДКСК оцени дека истото не значи дека е започната постапка за вработување на нови лица.

Имајќи ги предвид горенаведените одредби, исклучок од истите се само вработувањата во „случаи на итни и неодложни работи“ кои се дефинирани во член 2 став 1 точка 29 од Изборниот Законик согласно кој „Случаи на итни и неодложни работи“ се вработувањата на определено

време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определено време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес. Иако во конкретниот случај преземените дејствија не спаѓаат во опфатот на оваа законска дефиниција, видно од документацијата во предметот, ДКСК констатира дека од страна на ------- ---------- установи по овој основ е побарана согласност за ангажман на медицински и друг персонал детално наведен во нивните барања до Министерството за --------, а поради непречено и нормално функционирање и пружање на здравствени услуги во рамки на истите.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

